# СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
# ECONOMIC CHAMBER OF MACEDONIA

- Групација на финансиски друштва -

Бр. 37-504/1
10.04.2020 година
С к о п ј е

До
Компании-членки на Групацијата на
финансиски друштва
С к о п ј е

**Предмет: Запознавање на членките со придонесот на Групацијата на финансиски друштва при подготовката на новите Уредби со законска сила за примена на Законот за финансиски друштва и за примена на Законот за заштита на потрошувачите за време на вондредна состојба**

Почитувани членови,

Би сакал да Ве информирам дека Групацијата на финансиски друштва во изминатиот период активно ја следеше вонредната ситуација и во целост соработуваше со министерството за финасии на РСМ кое во нашата Групација препозна сериозен партнер за преговарње и договарање, како и за превземање на активности со цел намалување на економските импликации од новонастанатата состојба со корона вирусот – COVID 19 која директно ќе се одрази и на нашата финансиска состојба.

Финансиските друштва покажаа голема зрелост и одговорност во врска со превземање навремени мерки за надминување на ударите од Covid-19 кон своите клиенти, како и за обезбедување поволни услови на граѓаните да го пребродат овој шок и да имаат способност и понатаму да ги сервисираат обврските кои достасуваат.

Имено, во согласност со двата состаноци коишто ги одржавме со Министерството за финансии на РСМ во насока на превземање на финансиски мерки за заштита на последиците од новонастанатата ситуација со корона вирусот, Групацијата достави забелешки и предлог измени на Нацрт- уредбата со законска сила за примена на законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити за време на вондредна состојба и на Нацрт- уредбата со законска сила за примена на Законот на финансиски друштва за време на вондредна состојба.

Димитрие Чуповски 13, 1000 Скопје * П.Фах 324 * Телефон: (02) 3244000 * Факс: (02) 3244088
Dimitrie Cupovski 13, 1000 Skopje * P.O.Box 324 * Phone: + 389 2 3244000 * Fax: + 389 2 3244088
E-mail: ic@mchamber.mk * http://www.mchamber.mk

Иако уредбите ќе се одразат врз работењето на финансиските друштва, сепак, во услови на вондредна состојба и наметнати рестриктивни мерки врз целокупната економија на нашата држава, успеавме да се избориме за поповолни услови и мерки кои се земени во превид при подготовката на финалните уредби и кои се од круцијално значење за понатамошниот опстанок на нашата индустрија и тоа:

- Во периодот од 1 април до 30 јуни 2020 година физичките лица кои се корисници на кредити по договорите за кредит кои се склучени заклучно со 31 март 2020 година ги плаќаат обврските на месечен ануитет намален за најмалку 70% од редовниот месечен ануитет ( првичен предлог беше целосно одлагање на ануитетите како во банкарскиот сектор);

- Трошоците кои не се вклучени во пресметката на годишната стапка на вкупни трошоци да не надминат 30 % од износот на одобрениот кредит;

- Период на отплата т.е на плаќањето на обврските на месечниот ануитет намален за 70% се продолжува за најмалку 90 денови од денот на репрограмирањето;

- Пресметката на годишната стапка на вкупни трошоци (СВТ) останува по стара методологија за пресметување на годишната стапка на вкупни трошоци;

- Кај новоодобрените кредити грејс период се одобрува исклучиво по барање на клиентот.

Истовремено, ја користам оваа прилика да им се заблагодарам на членовите на Групацијата на финансиски друштва за нивниот придонес и залагање во изнаоѓањето на најприфатливо решение во услови на вонредна состојба и им посакувам да се чуваат и да останат во добро здравје.

Со почит,
Претседател
Никола Јошевски, с.р.

Изготвил/Проверил: Влатко Стојановски, советник